09-2184/1
18-08-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), продолжение на 21 – та седница, одржана на ден 15.08.2025 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 09-5061/1 од 26.10.2023 година, оформен по пријава против лицата ---------, вработена во општина ----- и ------, член на Советот на општина -----, СЕ ЗАПИРА.

Наводите од пријавата се потврдуваат, ДКСК констатира повреда на член 75 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси од страна на двете службени лица и по спроведена постапка за порамнување, ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Врз основа на член 17 став 1 точка 4, а во врска со член 73 и член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, да се поднесе иницијатива до Општина ----- за поведување на постапка за утврдување на одговорност на лицето --------, вработена во општина -----.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-5061/1 од 26.10.2023 година, е оформен по поднесена пријава од познат подносител со наводи за постоење судир на интереси во работата на службените лица ------, вработена во општина ------ и ------, член на Советот на општина -----.

Во пријавата е наведено дека од страна на општина ----- на јавен конкурс за делегирање наделжност за организирање и реализирање на културни манифестации „Рациновиі средби“ и „Театарски фестивал 5ре“ е ангажирано Здружение на граѓани ----- ---, кое за извршување на делегираната надлежности ангажирало сметководствена фирма на која управител е лице вработено во општина ----- и на која за таа намена и е исплатена одредена сума на финансиски средства.

Понатаму, во пријавата е наведено и за друг случај, Здружение на граѓани „------“ -- избрано на јавен конкурс за делегирање надлежност за организирање и реализирање на културна манифестација „Рацинови средби“ од страна на општина ---- за исполнување на програмскиот дел – Планинарски марш за Рацин го ангажирало Здружението -------чиј претседател е член на Советот на општина ----и кое за исполнување на програмската содржина исто така му е исполнета одредена сума на финансиски средства. При разгледување на наративен и финансиски извештај за манифестација „Рацинови средби“ на седница на Советот на општина -----, членот на Советот се изземал од одлучување по оваа точка од дневниот ред.

Заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите од пријавата, Државната комисија во повеќе наврати се обраќаше до општина ----, по што ја утврди следната фактичка состојба:

1. Во врска со службеното лице -----, член на Советот на општина ---- Државната комисија констатира дека истото лице ја извршува функцијата од 04.11.2021 година согласно Одлуката за верефикација на мандатите на членовите на Советот на општина ----- бр. 25-4173/2 од 04.11.2021 година.

   На ден 29.11.2022 година на 25 - та седница на Советот на општина ---- под Точка 5 се разгледува Предлог програма за активностите на општина ----- во областа на културата и меѓународната соработка во 2023 година. На Записник од истата седница бр. 25-5322/1 од 12.12.2022 година е констатирано дека членот на Совет ------е присутен на седницата и расправа по точката со бр. 5, по што констатирано е дека од 22 присутни, со 12 гласа „за“ и 10 гласа „воздржани“ е донесена Програмата за активностите на општина ----- во областа на културата и меѓународната соработка во 2023 година. Истата Програма предвидува повеќе манифестации кои е потребно да се реализираат во текот на 2023 година, меѓу кои е и манифестацијата „60 Рацинови средби“. После објавување на Конкурс за спроведување на делегирана надлежност како дел од надлежноста на општина ------во областа на културната манифестација „Рацинови среби“ се пријавува -------- и по донесено Решение од страна на градоначалникот на општина -----се склучува Договор со бр. 08-1177-14 од 26.04.2023 година помеѓу општина ----- и------.

   На ден 01.06.2023 година се склучува Договор помеѓу -----, застапувано од претседателот на тоа здружение во својство на корисник и Еколошката групација ---------, застапувана од претседателот ---- во својство на давател на услуги. Со овој Договор се уредуваат правата и обврските на договорните страни при организирање на рутата до Лопушник во рамките на манифестацијата „60 Рацинови средби“ во

2023 година. Видно од Тековната состојба издадена од Дистрибутивниот центар на Централниот регистар на РСМ на ден 25.01.2024 година се констатира дека претседател на Еколошката групација ------- е лицето -------, членот на Советот на општина ----.

Од се претходно наведено, Државната комисија констатира дека лицето ------ не се изземало и не запрело со своето постапување во околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.

Имено, лицето преку склучување на договор со Здружението на граѓани кое е избрано за реализација на манифестацијата „60 Рацинови средби", што е добитник на финансиска помош од општината за реализација на оваа манифестација, добива дел од финансиските средства од општината каде што извршува јавни овластувања како член на Советот на општина ------. Исто така, претходно учествува во носењето на Програмата за активностите на општина ----- во областа на културата и меѓународната соработка во 2023 година на седница на Советот на оваа општина, од која подоцна остварува приватна корист.

Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на лицето ----- претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што Државната комисија до истото лице достави Записник за констатиран прекршок со бр. 09-1334/9 од 12.12.2024 година и Прекршочен платен налог со бр. 09-1334/10 од 12.12.2024 година. Лицето ---- изврши уплати на половина од изречената глоба во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог и за истото ја извести Државната комисија преку web формата на Државната комисија на ден 17.12.2024 година.

2. Во врска со службеното лице ----------, Државната комисија констатира дека преку Приватната агенција за вработувања Партнер и врз основа на Договор за отстапување на работници извршувала работни задачи во општина ---- од 01.02.2022 година на работно место – Советник – одговорен сметководител. Истата е во редовен работен однос во општина ----- од 29.12.2022 година, распоредена на работно место Советник за односи со јавноста и слободен пристап до информации од јавен карактер, Одделение за поддршка на градоначалникот, Сектор за правни и општи работи, јавни дејности, јавни набавки, информатичка технологија и поддршка на градоначалникот во општина ----.

На ден 21.03.2022 година склучен е Договор за вршење на сметководствени работи помеѓу ----------, застапувано од управител --------, во својство на овластено сметководствено биро и ------. Договорот е склучен на неопределено време и стапува на сила од 21.03.2022 година.

На ден 17.03.2023 година, градоначалникот на општина ------ носи Решение со бр. 08-1177/4 за формирање на Комисијата за разгледување и изготвување мислење на пријави на здруженија на граѓани за организирање и реализирање на културната манифестација „Рацинови средби", на која претседател е вработената --------. Комисијата има обврска да ги разгледа пристигнатите пријави од здруженија на граѓани за организирање и реализирање на културната манифестација „Рацинови средби" и е должна да изготви мислење по пристигнати пријави и да го достави до градоначалникот.

На ден 19.04.2023 година наведената Комисија ги разгледува поднесените пријави од ------------ по што е изработен Записник бр. 02-1177/10 од 20.04.2023 година со кој е констатирано дека двете здруженија имаат уредна достава со прилог на документација.

На ден 20.04.2023 година е спроведено интервју со претседателот на ------- по што е извршено рангирање на двете поднесени пријави, односно на --------- се дадени 100 бода, додека пак на -------- дадени се 70 бода, но на интервјуто нема претставник од ---------- бидејќи никој не се појавил на интервјуто. После спроведеното интервју со ---------- е изработен Записник бр. 02-1177/11 од 24.04.2023 година.

На истиот ден Комисијата издава Мислење бр. 02-1177/12 од 24.04.2023 година со предлог за избор на ----------- за делегирање на надлежност од областа на културата за организирање и реализирање на културната манифестација „Рацинови средби", за временски период од три години со финансиска поддршка во износ утврден со Програмата за активности на општина ------- во областа на културата и меѓународната соработка за тековната фискална година.

Лицето ---------- е потпишана на двата претходно наведени Записници со бр. 02-1177/10 од 20.04.2023 година и бр. 02-1177/12 од 24.04.2023 година, како и на издаденото Мислење во својство на претседател на Комисијата. По донесување на Решение од страна на градоначалникот на општина ----- се склучува Договор со бр. 08-1177-14 од 26.04.2023 година помеѓу општина -------- за спроведување на делегирана надлежност како дел од надлежноста на општина ----- во областа на културната манифестација „Рацинови средби". Во самиот договор во член 11 е

наведено дека сите активности за вршење на делегираната надлежност извршителот ќе ги спроведува во координација со Секторот за правни и општи работи, јавни дејности, јавни набавки, информатичка технологија и поддршка на градоначалникот во тесна соработка со Одделението за јавни дејности.

Имено, лицето -------е вработено во општина ----- и врши работни задачи како Советник за односи со јавноста и слободен пристап до информации од јавен карактер токму во овој Сектор. Исто така, во писмениот допис доставен до Државната комисија од општина ------ бр. 09-1334/5 од 26.09.2024 година известуваат дека лицето --------- во континуитет ги организира културните манифестации со делегирана надлежност.

Од се претходно наведено, се констатира дека лицето ------------- не се изземало и не запрело со своето постапување во околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси. Имено, лицето продолжило да учествува во работа на Комисијата каде пријава има поднесено Здружението на граѓани со кое претходно преку своја фирма има потпишано Договор за вршење на сметководствени работи. Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на лицето ----------- претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се погоре наведеното, Државната комисија до истото лице достави Записник за констатиран прекршок со бр. 09-1334/11 од 12.12.2024 година и Прекршочен платен налог со бр.09-1334/12 од 12.12.2024 година. Лицето --------- изврши уплати на половина од изречената глоба во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог и за истото ја извести Државната комисија преку писмен допис со бр. 09-1334/16 од 30.12.2024 година.

Наведеното е основ за поведување на постапка за утврдување на одговорност на лицето ----------, вработена во општина --------- заради што Државната комисија согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во врска со член 73 и член 75 став 1 од истиот Закон, ќе поднесе иницијатива до градоначалникот на општина ------- за поведување на постапка за утврдување на одговорност, а заради тоа што истото не се изземало и не запрело со своето постапување во околности што укажуваат на постоење на судир на интереси.

Согласно член 29 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси градоначалникот на општина ------- е должен во рок од 60 дена да ја извести Државната

комисија за донесената одлука по однос на доставената иницијатива, а во случај на не постапување по наведениот член Државната комисија поведува прекршочна постапка.

Во врска со лицето ----- ---, член на Советот на општина -----, Државната комисија не е во можност да покрене иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси бидејќи лицето е избрано за член на Советот на општина ----- на Локалните избори од 2021 година и нема надлежен орган кој би постапил по поднесена иницијатива од Државната комисија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

По заклуок од седница на ДКСК
Изработил: М.М - соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК